# ПОТСТРАТЕГИЈА
# ЗА
# РУРАЛЕН РАЗВОЈ
# на
# Општина Битола

# (2008 - 2013)

**Декември 2007**

**Ја користиме оваа можност да им изразиме голема благодарност на МААСП - Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Република Македонија, консултантската куќа „Идеја ОК“, Советот на Општина Битола како и на сите оние кои активно учествуваа во изработката на оваа потстратегијата за рурален развој на Општина Битола.**

**Посебна благодарност до Градоначалникот на Општина Битола**
**Г-дин. Владимир Талески**
**за покренувањето на иницијативата за креирањето на овој документ кој ќе стане интегрален дел од Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Битола**

**СОДРЖИНА**

**ВИЗИЈА** ........ **4**
**МИСИЈА** ........ **4**
Цел ........ 4
Работа ........ 4
Вредности ........ 4
**ВОВЕД** ........ **5**
**ЦЕЛИ НА ПОТСТАРЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ** ........ **7**
**SWOT – АНАЛИЗА** ........ **8**
**СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ** ........ **10**
1. Стратешка цел: ........ 10
2. Стратешка цел ........ 11
3. Стратешка цел ........ 13
**СОСТАВ НА ГРУПАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ** ........ **16**
**ПРИЛОГ - ТАБЕЛА** ........ **17**
**ПРИЛОГ - ПРАШАЛНИК** ........ **22**

# ВИЗИЈА

***До 2013 година руралните средини да имаат квалитетен и одржлив начин на живеење преку подобрени животни услови и зголемен квалитет на услугите***

# МИСИЈА

## *Цел*

*Namaлување на сиромаштијата и подобрување на животните услови на локалното население во руралните средини*

## *Работа*

*Остварување на целата и анимирање на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор преку реализација на програми и проекти*

## *Вредности*

*Развој на социо-економските и културно-историските вредности, вработување и одржливо користење на природните ресурси*

# ВОВЕД

Општина Битола во соработка со Програмата за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Р. Македонија (МААСП), пристапи кон изработка на Потстратегија за рурален развој. Потстратегијата претставува интегрален дел од општата стратегија за одржлив економски развој на Општина Битола. Во изработката на Потстратегијата за рурален развој применети се искуства и принципи од LEADER+ Програмата на Европската Унија (ЕУ). LEADER претставува кратенка за „Врски помеѓу руралната економија и акциите за рурален развој“. LEADER+ е една од четирите иницијативи финансирана од структурните фондови на ЕУ и е дизајнирана да им помогне на руралните актери да ги согледаат долгорочните потенцијали на својот регион како и можностите за воспоставување на одржлив развој. Тоа е метод за иницирање и создавање на рурален развој во локалните рурални заедници. Искуството покажува дека LEADER може да направи вистински промени во секојдевниот живот на луѓето во руралните области.

За програмскиот период 2008-2013, LEADER ќе биде интегриран во целокупниот национален рурален развој во Р. Македонија. Со оваа Потстратегија ќе се поттикнат и подготват сите засегнати субјекти за еден поинтегриран пристап кон руралниот развој. LEADER програмата се базира врз принципите на градење на јавно-приватно партнерство, градење на локални капацитети, градење на мрежи и соработка, взаемни активности во рамките на земјоделството, животната средина и на пошироката рурална економија и рурална популација. Исто така карактеристика за LEADER е холистичкиот пристап за генерирање на акциите „***bottom–up***” (оддолу-нагоре).

LEADER ги поттикнува руралните територии да истражуваат нови начини за да станат или останат конкурентни, најдобро да ги искористат своите ресурси и да ги надминат предизвиците со кои се соочуваат, како што е стареење на населението, ниско ниво на обезбедување на услуги, миграциони процеси или намалени можности за вработување. На тој начин LEADER придонесува за подобрување на квалитетот на животот во руралните области, како за земјоделските домаќинства така и за пошироко рурално население воопшто. Применува холистички, сеопфатен пристап за решавање на руралните проблеми. На пример, согледува дека да се биде конкурентен во производството на храна, да се има привлечно опкружување и да се создаваат работни места за локалното население се меѓусебно поддржувачки аспекти на руралниот живот, кои бараат специфични вештини, соодветни технологии и услуги на кои мора да им се пристапи како кохерентен пакет и со прилагодени мерки од политиките.

Имплементацијата на LEADER пристапот и прифатените локални стратегии во руралните области се остварува преку формирани Локални Акциони Групи (ЛАГ) кои преставуваат правен субјект. ЛАГ преставува избалансирано јавно-приватно партнерство со мултисекторска вклученост. Еден ЛАГ во својот состав ги вклучува сите релевантни локални чинители и преставници од различни социо-економски

сектори. Тие добиваат финансиска помош за имплементирање на локални развојни стратегии, преку доделување на грантови на локални проекти.

Општина Битола во процесот на изработката на Потстратегијата се фокусира на погранично-низинскиот и ридско-планинскиот регион. Како пилот села беа избрани Лажец и Кременица од пограничниот регион и Дихово и Ниже Поле од ридско-планинскиот регион. За таа цел беше формирана неформална Група за Рурален Рзвој (ГРР) која беше од отворен карактер и во целокупниот процес делуваше на волонтерска основа и на целосно транспарентен начин. Врз членовите на групата беше извршена серија на обуки со цел стекнување на вештини и знаења за користење на алатки и подигање на капацитетите за што подобро да одговорат на предизвиците во процесот на стратешко планирање.

Во својата шестмесечна работа во текот на втората половина на 2007 година ГРР организираше неколкукратни состаноци со месното население на избраните области со цел да ја развие свеста кај руралната популација и да обезбеди поддршка и соработка во однос на изработката на општинска потстратегија за рурален развој. Исто така спроведе и анкета преку изработен прашалник со цел да се генерираат податоци во однос на постоечките ресурси и потенцијали како и да се согледаат приоритетните проблеми и потреби во областа на социо-економскиот, културниот, образовниот и спортскиот живот.

Групата за Рурален Развој е формирана врз принципите на LEADER пристапот а тоа е **мулти-секторско партнерство (вмрежување) од повеќе клучни субјекти:** од локално население, јавен и приватен сектор, бизнис заедница, индустрија за храна, НВО сектор, локани политичари и др., при тоа користејќи го холистичкиот пристап ***„bottom–up”*** (оддолу-нагоре).

Потстратегијата се содржи од Општа цел, која има 3 Стратешки цели, кои се поделени на 9 Конкретни цели, во кои се содржани 14 Програми во кои влегуваат 31 Проект.

# ЦЕЛИ НА ПОТСТАРЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Специфични цели**

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори/субјекти)
- Да се оддржи локалното претприемништво
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми
- Да се зголеми вработувањето
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење
- Да се преквалификуваат човечките ресурси
- Да се поддржи размената на Know-how методите и технологиите како и услугите и соработката меѓу националните и меѓународните субјекти (транс-национална соработка)

***<u>Социјални цели</u>***

- Да се промовираат иницијативи
- Да се создадат (ресоздадат) врски
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси
- Да се преразгледаат и надминат традиционалните шеми

***<u>Производствени цели</u>***

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој
- Да се модернизираат структурите
- Да се подобрат условите за производство

# SWOT – АНАЛИЗА

## РИДСКО-ПЛАНИНСКИ РЕГИОН (с. ДИХОВО и с.НИЖЕ ПОЛЕ)

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| - Реки<br>- Планина<br>- Шуми<br>- Незагадена околина<br>- Млада работна сила<br>- Зимско Летен Туристички Центар<br>- Културно Историски Објекти<br>- Користење на шумските плодови и лековити билки | - Невработеност<br>- Неорганизиран јавен превоз<br>- Примарно здравство<br>- Неорганизиран културно-забавен живот<br>- Неорганизирано депонирање на отпадот<br>- Неорганизираност на Месна заедница<br>- Изумирање на старите занаети |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Близина на НП Пелистер<br>- Добра поврзаност со градот<br>- Можност за производство на храна според ЕУ стандардите<br>- Развој на Алтернативен туризам | - Миграција Село-Град<br>- Неинформираност<br>- Недоизградена канализациона мрежа |

## ПОГРАНИЧНО-НИЗИНСКИ РЕГИОН (с. КРЕМЕНИЦА и с. ЛАЖЕЦ)

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| - Извори на минерална вода и природен гас<br>- Обработливо земјиште<br>- Сточарство и поледелство<br>- Млада работна сила<br>- ГИЦ во Бистрица | - Слаба инфраструктура<br>- Неорганизираност на месното население<br>- Неорганизиран културно-забавен и спортско-рекреативен живот<br>- Невработеност<br>- Нееудицираност на населението<br>- Неинформираност<br>- Непоседување на земјиште |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Индустриската зона во село Жабени<br>- Близина на ЕУ (граница со Р. Грција)<br>- Железничка пруга Македонија - Грција<br>- Доделување на државно земјуште<br>- Можности за инвестирање<br>- Национална Програма за Рурален Развој<br>- Искористување на ИПАРД Фондови<br>- Воведување на нови технологии, стандарди и системи | - Немање на организиран пласман на земјоделските производи<br>- Миграции на наслението<br>- Слаба финансиска моќ на населението |

Групата за Рурален Развој во текот на подготовката на потстратегијата за РР го дефинара следниот формат на стратешкото планирање.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Визија** | | | | | |
| **Мисија** | | | | | |
| **Стратешка цел 1** | | **Стратешка цел 2** | | **Стратешка цел 3** | |
| **Конкретна цел 1** | | **Конкретна цел 1** | | **Конкретна цел 1** | |
| Програма 1 | | Програма 1 | | Програма 1 | |
| *Проект 1* | | *Проект 1* | | *Проект 1* | |
| *Проект 2* | | *Проект 2* | | *Проект 2* | |
| Програма 2 | | Програма 2 | | Програма 2 | |
| *Проект 1* | | *Проект 1* | | *Проект 1* | |
| *Проект 2* | | *Проект 2* | | *Проект 2* | |
| **Конкретна цел 2** | | **Конкретна цел 2** | | **Конкретна цел 2** | |
| Програма 1 | | Програма 1 | | Програма 1 | |
| *Проект 1* | | *Проект 1* | | *Проект 1* | |
| *Проект 2* | | *Проект 2* | | *Проект 2* | |
| Програма 2 | | Програма 2 | | Програма 2 | |
| *Проект 1* | | *Проект 1* | | *Проект 1* | |
| *Проект 2* | | *Проект 2* | | *Проект 2* | |

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## *1. Стратешка цел:*

**Комплетно заокружување на LEADER пристапот како официјален пристап за рурален развој на Општина Битола со зајакнување на капацитетите на Групата за рурален развој за имплементација и генерирање на активности за одржлив регионален рурален развој.**

## 1.1. Конкретна цел:

Советот на Општина Битола во 2008 да донесе одлука со која Групата за Рурален Развој ќе прерасне во формално тело на општината кое непречено ќе работи на одржлив регионален рурален развој со што ќе се овозможи понатамошна примена на LEADER пристапот и ЕУ стандардите.

### *1.1.1. Програма:*

Зајакнување на капацитетите на Групата за Рурален Развој за имплементација на LEADER пристапот на локално ниво.

#### 1.1.1.1. Проект:

*Техничко и административно опремување на канцеларијата за Рурален Развој.*

*Обуки и тренинзи на членовите на Групата за рурален развој за* LEADER *програмата.*

## 1.2. Конкретна цел:

Иницијатива за креирање на стратегија за регионален рурален развој со што ќе се имплементира LEADER пристапот во регионот.

### *1.2.1. Програма:*

Изработка на регионална стратегија за РР до 2013 година со што ќе се овозможи одржлив рурален развој на регионот.

#### 1.2.1.1. Проект:

*Формирање на Регионална Група за Рурален Развој која ќе го имплементира* LEADER *пристапот на ниво на регионот според Националната Стратегија за Земјоделство и Рурален Развој.*

## 1.3. Конкретна цел:

Изработка на нова стратегија за РР на Општина Битола до 2013 година со што ќе се овозможи одржлив РР на општината.

## *2. Стратешка цел*

**Подобрување на животните услови на луѓето во погранично низинските региони преку применување на нови технологии во земјоделството, производство на храна според ЕУ страндарите и подобрување на културно-забавниот живот.**

### 2.1. Конкретна цел:

До 2009 година да се изврши доедукација на младите луѓе за производство на храна според страндардите на ЕУ преку примена на нови технологии со што ќе се намали невработеноста и ќе се зголеми економската моќ на жителите.

#### *2.1.1. Програма:*

Подигање на свеста и едукација на населението за производство на храна преку примена на нови технологии, системи и стандарди (до крајот на 2008).

**2.1.1.1. Проект:**

*Камшања за подигање на свеста на руралното население за предностите на примената на нови технологии и имплементација на ЕУ стандардите и системите во земјоделското производство.*

**2.1.1.2. Проект:**

*Едукација на производителите за имплементација на ЕУРЕПГАП стандардот во примарното производство.*

**2.1.1.3. Проект:**

*Едукација за имплементација на HACCP системот во преработувачките капацитети.*

#### *2.1.2. Програма:*

Искористување на достапните финансиски извори во областа на руралниот развој.

**2.1.2.1. Проект:**

*Подигнување на свеста на руралното население за достапноста на различните извори на финансиски средства (НПРР и ИПАРД фондовите).*

**2.1.2.2. Проект:**

*Едукација на населението за искористување на средствата од Националната Програма за Рурален Рзвој (НППР).*

**2.1.2.3. Проект:**

*Едукација на населението за искористување на средствата од ИПАРД Фондовите.*

## 2.2. Конкретна цел:

До 2010 год. создавање на услови за отворање на нови производствени и преработувачки капацитети со што ќе се подигне конкурентноста и ќе се овозможи пласман на пазарите на ЕУ.

### *2.2.1. Програма:*

Развој на претприемништвото кај локалното рурално население.

**2.2.1.1. Проект:**

*Едукација за претприемништво (отворање на мали и средни претпријатија).*

**2.2.1.2. Проект:**

*Едукација за маркетинг и брендирање на локалните производи.*

**2.2.1.3. Проект:**

*Едукација за оценка на влијанието на производство на фарма врз животната средина.*

**2.2.1.4. Проект:**

*Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини.*

## 2.3. Конкретна цел:

Реновирање на постоечките и изградба на нови центри за култура, спортски терени со што ќе се подобри културно-забавниот и спортскиот живот.

### *2.3.1. Програма:*

Подобрување на културниот живот во руралните средини.

**2.3.1.1. Проект:**

*Реновирање на постоечките и изградნба на нови центри за култура.*

**2.3.1.2. Проект:**

*Организирање на културни настани - денови на локални производи.*

### *2.3.2. Програма:*

*Подобрување на спортско-рекреативниот живот.*

**2.3.2.1. Проект:**

*Реновирање на постоечките и изградნба на нови спортски терени.*

**2.3.2.2. Проект:**

*Организација на младински спортски натпревари.*

## *3. Стратешка цел*

**Подобрување на животните услови во ридско-планинскиот регион преку јакнење и развој на алтернативен туризам и примена на одржливо користење на природните ресурси.**

## 3.1. Конкретна цел:

2008 - 2010 Промовирање на можностите за разовој на алтернативен туризам во ридско-планинскиот регион со што ќе се подобрат животните услови на локалното население.

### *3.1.1. Програма:*

Подигање на јавната свест  на локалното население за можностите за развој на алтернативниот туризам во ридско-планинскиот регион.

**3.1.1.1. Проект:**

*Кампања за подигање на свеста на руралното население за придобивките од развојот на алтернативниот туризам во ридско-планинскиот регион.*

## 3.2. Конкретна цел:

2008 - 2013 јакнење на човечките ресурски преку едукација на локалното население и отворање на нови производствени капацитети со што ќе се постигне намалување на невработеноста и создавање на поквалитетни услови за развој на алтернативниот туризам и претприемништвото.

### *3.2.1. Програма:*

Едукација на локалното население за развој на алтернативниот туризам.

**3.2.1.1. Проект:**

*Обука на локалното население за:*
*- комуникациски вештини,*
*- странски јазик,*
*- информатика,*
*- подготовка на традиционална кујна.*

**3.2.1.2. Проект:**

*Обука на населението за адаптацеија на постоечките сместувачки капацитети за прием на туристи.*

**3.2.1.3. Проект:**

*Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини*

### *3.2.2. Програма:*

Искористување на достапните финансиски извори во областа на РР.

**3.2.2.1. Проект:**

*Едукација на населението за искористување на средствата од Националната Програма за РР.*

**3.2.2.2. Проект:**

*Едукација на населението за искористување на средствата од ИПАРД Фондовите.*

### *3.2.3. Програма:*

Развој на претприемништвото кај локалното население.

**3.2.3.1. Проект:**

*Едукација за претприемништво (отворање на мали и средни претпријатија).*

**3.2.3.2. Проект:**

*Отварање на преработувачки капацитет за откуп и преработка на шумски плодови и лековити растенија.*

**3.2.3.3. Проект:**

*Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини.*

## 3.3. Конкретна цел:

Заштита на биодиверзитетот, зачувување на традиционалните вредности и заштита на културно-историското наследство на овој регион, со што ќе се заштити животната средина, создаде препознатлив производ и ќе се придонесе за развој на алтернативниот туризам.

### *3.3.1. Програма:*

Заштита на биодиверзитетот.

#### 3.3.1.1. **Проект:**

*Изготвување на студија за мапирање на постоечкиот животински и растителен свет.*

#### 3.3.1.2. **Проект:**

*Едукација на населението за зачувување на биодиверзитетот*

### *3.3.2. Програма:*

Зачувување на традиционалните вредности.

#### 3.3.2.1. **Проект:**

*Брендирање на локалните производи.*

#### 3.3.2.2. **Проект:**

*Заживување на стари занаети.*

### *3.3.3. Програма:*

Мапирање и заштита на културно-историското наследство.

#### 3.3.3.1. **Проект:**

*Изработка на студија за постоечкото културно-историско наследство на регионот.*

# СОСТАВ НА ГРУПАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

- **М-р Виолета Налевска** - Советник за локален економски развој - Општина Битола
- **Сашо Ангеловски** - Локален организатор на Програмата за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во РМ (МААСП)
- **Златко Сирета** - Координатор на Рурален информативен центар (РИЦ)
- **Петар Андонов** - Потпретседалел на ДО „Молика“
- **Сашо Макриевски** - Директор на „Пелагонија Млекоконтрол“-Битола
- **Д-р. Никола Козаровски** - Претседател на ЗООК „Баба планина“-Битола
- **Д-р. Живко Гацовски** - Советник во Советот на Општина Битола
- **Гоце Николовски** - Советник во Советот на Општина Битола
- **Пеце Ташевски** - Советник во Советот на Општина Битола
- **Мирче Неделковски** - Советник во Советот на Општина Битола

# ПРИЛОГ - ТАБЕЛА

<table>
<tr><td colspan="6" align="center">ВИЗИЈА:<br>До 2013 година руралните средини да имаат квалитетен и одржлив начин на живеење преку подобрени животни услови и зголемен квалитет на услуги</td></tr>
<tr><td colspan="6"> МИСИЈА: <u>ЦЕЛ:</u> Намалување на сиромаштијата и подобрување на животните услови на локалното население во руралните средини<br><u>Работа:</u> Остварување на целта и анимирање на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор преку реализација на Програми и Проекти<br><u>Вредности:</u> Развој на социо-економските и културно-историските вредности, вработување и одржливо користење на природните ресурси</td></tr>
<tr><td>Стратешка цел 1</td><td>Комплетно заокружување на LEADER пристапот како официјална Програма за рурален развој на Општина Битола со зајакнување на капацитетите на Групата за Рурален Развој за имплементација и генерирање на активности за одржлив регионален рурален развој.</td><td>Стратешка цел 2</td><td>Подобрување на животните услови на луѓето во погранично-низинскиот регион преку применување на нови технологии во земјоделството, производство на храна според ЕУ страндарите и подобрување на културно-забавниот живот.</td><td>Стратешка цел 3</td><td>Подобрување на животните услови во ридско-планинскиот регион  преку јакнење и развој на алтернативниот туризам и примена на одржливо користење на природните ресурси.</td></tr>
<tr><td>Конкретна цел 1</td><td>Советот на Општина Битола во 2008 да донесе одлука со која Групата за Рурален Развој ќе прерасне во формално тело на општината кое непречено ќе работи на одржлив регионален рурален развој со што ќе се овозможи понатамошна</td><td>Конкретна цел 1</td><td>До 2009 година да се изврши доедукација на младите луѓе за производство на храна според страндардите на ЕУ преку примена на нови технологии со што ќе се намали невработеноста и ќе се зголеми економската моќ на жителите.</td><td>Конкретна цел 1</td><td>2008 - 2010 Промовирање на можностите за разовој на алтернативен туризам во ридско-планинскиот регион со што ќе се подобрат животните услови на локалното население.</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **примена на LEADER пристапот и ЕУ стандардите.** | | | | |
| **Програма 1** | **Зајакнување на капацитетите на Групата за РР за имплементација на LEADER пристапот на локално ниво.** | **Програма 1** | **Подигање на свеста и едукација на населението за производство на храна преку примена на нови технологии, системи и стандарди (до крајот на 2008).** | **Програма 1** | **Подигање на јавната свест на локалното население за можностите за развој на алтернативниот туризам во ридско-планинскиот регион.** |
| ***Проект 1*** | *Техничко и административно опремување на канцеларијата за Рурален Развој.* | ***Проект 1*** | *Камшпања за подигање на свеста на руралното население за предностите на примената на нови технологии и имплементација на ЕУ стандардите и системите во земјоделското производство* | ***Проект 1*** | *Кампања за подигање на свеста на руралното население за придобивките од развојот на алтернативниот туризам во ридско-планинскиот регион.* |
| ***Проект 2*** | *Обуки и тренинзи на Членовите на ГРР за LEADER Програмата* | ***Проект 2*** | *Едукација на производителите за имплементација на ЕУРЕПГАП стандардот во примарното производство.* | | |
| | | ***Проект 3*** | *Едукација на преработувачите за имплементација на HACCP системот во преработувачките капацитети.* | | |
| | | **Програма 2** | **Искористување на достапните финансиски извори во областа на руралниот развој.** | | |
| | | ***Проект 1*** | *Подигнување на свеста на руралното население за достапноста на* | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *различните извори на финансиски средства (НПРР и ИПАРД фондовите).* | | |
| | | ***Проект 2*** | *Едукација на населението за искористување на средствата од Националната Програма за Рурален Развој.* | | |
| | | ***Проект 3*** | *Едукација на населението за искористување на средствата од ИПАРД Фондовите.* | | |
| **Конкретна цел 2** | **Иницијатива за креирање на стратегија за регионален рурален развој со што ќе се имплементира LEADER пристапот во регионот.** | **Конкретна цел 2** | **До 2010 создавање на услови за отворање на нови производствени и преработувачки капацитети со што ќе се подигне конкурентноста и ќе се овозможи пласман на производите на пазарите на ЕУ.** | **Конкретна цел 2** | **2008 - 2013 јакнење на човечките ресурски преку едукација на локалното население и отворање на нови производствени капацитети со што ќе се постигне намалување на невработеноста и создавање на поквалитетни услови за развој на алтернативниот туризам и претприемништвото.** |
| **Програма 1** | **Изработка на регионална стратегија за РР до 2013 година со што ќе се овозможи одржлив рурален развој на регионот.** | **Програма 1** | **Развој на претприемништвото кај локалното рурално население.** | **Програма 1** | **Едукација на локалното население за развој на алтернативниот туризам.** |
| ***Проект 1*** | *Формирање на Регионална Група за Рурален Развој која ќе го имплементира LEADER пристапот на ниво на регионот во согласност со Националната* | ***Проект 1*** | *Едукација за претприемништво (можности за отворење на мали и средни претпријатија).* | ***Проект 1*** | *Обука за локалното население:*<br>*- комуникациски вештини*<br>*- странски јазик*<br>*- информатика*<br>*- подготовка на традиционална кујна.* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Стратегија за Земјоделство и Рурален Развој на РМ.* | | | | |
| | | ***Проект 2*** | *Едукација за маркетинг и брендирање на локалните производи.* | ***Проект 2*** | *Обука на населението за адаптацеија на постоечките сместувачки капацитети за прием на туристи.* |
| | | ***Проект 3*** | *Едукација за оценка на влијанието на производство на фарма врз животната средина.* | ***Проект 3*** | *Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини.* |
| | | ***Проект 4*** | *Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини.* | | |
| | | | | **Програма 2** | **Искористување на достапните финансиски извори во областа на РР** |
| | | | | ***Проект 1*** | *Едукација на населението за искористување на средствата од Националната Програма за РР.* |
| | | | | ***Проект 2*** | *Едукација на населението за искористување на средствата од ИПАРД Фондовите* |
| | | | | **Програма 3** | **Развој на претприемништвото кај локалното население** |
| | | | | ***Проект 1*** | *Едукација за претприемништво (отворање на мали и средни претпријатија)* |
| | | | | ***Проект 2*** | *Отварање на преработувачки капацитет за откуп и преработка на шумски плодови и лековити растенија* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ***Проект 3*** | *Едукација за развој на претприемнништво кај жените во руралните средини* |
| **Конкретна цел 3** | **Изработка на нова стратегија за РР на Општина Битола до 2013 година со што ќе се овозможи одржлив РР на општината.** | **Конкретна цел 3** | **Реновирање на постоечките и изградба на нови центри за култура, спортски терени со што ќе се подобри културно-забавниот и спортскиот живот.** | **Конкретна цел 3** | **Заштита на биодиверзитетот, зачувување на традиционалните вредности и заштита на културно-историското наследство на овој регион, со што ќе се заштити животната средина, создаде препознатлив производ и ќе се придонесе за развој на алтернативниот туризам.** |
| | | **Програма 1** | ***Подобрување на културниот живот во руралните средини.*** | **Програма 1** | **Заштита на биодиверзитетот.** |
| | | ***Проект 1*** | *Реновирање на постоечките и изграднба на нови центри за култура* | ***Проект 1*** | Изготвување на студија за мапирање на постоечкиот животински и растителен свет |
| | | ***Проект 2*** | *Организирање на културни настани - денови на локални производи* | ***Проект 2*** | Едукација на населението за зачувување на биодиверзитетот |
| | | **Програма 2** | ***Подобрување на спортско-рекреативниот живот*** | **Програма 2** | **Зачувување на традиционалните вредности** |
| | | ***Проект 1*** | *Реновирање на постоечките и изграднба на нови спортски терени* | ***Проект 1*** | Брендирање на локалните производи |
| | | ***Проект 2*** | *Организација на младински спортски натпревари* | ***Проект 2*** | Заживување на стари занаети |
| | | | | **Програма 3** | **Мапирање и заштита на културно-историското наследство** |
| | | | | ***Проект 1*** | Изработка на студија за постоечкото културно-историско наследство на регионот |

# ПРИЛОГ - ПРАШАЛНИК

## ПРАШАЛНИК ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ОД М.З.

**Групата за Рурален Развој го дистрибуира овој прашалник до сите заинтересирани страни, со цел да се соберат информации кои се неопходни за креирање на под-Стратегија за Рурален Развој на Општина Битола.**
**(Вашата Месна Заедница е една од 4-те избрани М.З. кои ќе бидат опфатени во оваа под-Стратегија за РР на Општина Битола)**

**СЕЛО (М.З.)________ ________________________________________________________________**

| | |
|---|---|
| **ИМЕ и ПРЕЗИМЕ** | |
| **ВОЗРАСТ** | |
| **ПОЛ** | |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| **ЗАНИМАЊЕ** | |
| **ИЗВОР НА ПРИХОДИ** | |

| **1. Во кои области би сакале да се развива Вашето место ?** | | | |
|---|---|---|---|
| приватен бизнис сектор | | спортски туризам | |
| развиено поледелство | | занаетчиство - стари занаети | |
| развиено сточарство | | производство на сувенири | |
| производство на здрава храна | | култура | |
| селски туризам | | ... | |

| **2. Кои се вистинските можности (потенцијали) за развој на Вашето село ? (обележете со X)** | | | |
|---|---|---|---|
| млада работна сила | | приватен бизнис сектор | |
| едуцирани кадри | | развиено поледелство | |
| здружение на жени | | развиено сточарство | |
| здружение на земјоделци | | јавни објекти | |
| здружение на млади | | производство на здрава храна | |
| други здруженија | | сместувачки капацитети за туристи | |
| културно уметничко друштво (КУД) | | спорт (летен/зимски) | |
| невладини организации (НВО) | | | |
| добра поврзаност со градот | | | |

| **3. Со кои природни ресурси располага Вашето село?** | | **4. Со кои социо-економски ресурси располага Вашето село?** | |
|---|---|---|---|
| извори на минерална вода или природен гас | | здравствена заштита (амбуланти) | |
| реки | | образование (школи) | |
| езера | | мало стопанство (фирми) | |
| планина | | фабрика / поголемо претпријатие | |
| шуми | | туристички објекти | |
| пасишта | | занаети | |
| необработено земјиште | | спортски клубови | |
| обработливо земјиште | | спортски терени / објекти | |
| рудни богатства | | културно уметнички друштва (КУД) | |
| незагадена околина | | невладини организации (НВО) | |
| археолошки наоѓалишта | | | |
| близина на граница | | | |
| близина на национален парк | | | |
| | | | |

**5. По што е карактеристично (познато) Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |

| |
|---|
| |
| |
| |

**6. Според Ваше мислење, што е најважно за развојот на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**7. Кои се најголемите можности и силни страни на Вашето село? Со што вие може навистина да се пофалите?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**8. Кои се најголемите недостатоци и слабости на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**8.а. Наведете конкретни потреби за помош.**

| **Потреба за помош во областа:** | **Каква?** | **Придонес на селото – Со што?** |
|---|---|---|
| Образование | | |
| Култура | | |
| Спорт | | |
| Животна Средина | | |
| Дополнителни Обуки | | |
| | | |

**9. Како ја гледате иднината на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**10. Дали би сакале да се вклучите во работата на Групата за Рурален Развој?**

| | |
|---|---|
| ДА | НЕ |

**11. Доколку се вклучите во работата на Групата за Рурален Развој, како и во која област би можеле да дадете најголем придонес?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

Ви благодариме на соработката .